Бобан ПЕТРОВСКИ

# НАСЕЛЕНИ МЕСТА ВО ШТИПСКАТА ОБЛАСТ ВО XIV ВЕК

Поширокта околина на градот Штип во XIV век била сцена на значајни историски збиднувања. Тука, во разгледуваниот временски период се развиле и егзистирале повеќе населени места во кои се одвивал секојдневниот живот на населението.

Не постојат изворни сведоштва дека за оваа територија во текот на посоченово столетие бил користен единствен термин. Со цел нашиот научен интерес просторно да го лоцираме предлагаме terminus technicus Штипска област. Притоа, истата ја поистоветуваме со територијата на општините Штип и Карбинци, според територијалната поделба на Република Македонија од 1996 година[1].

Анализирајќи го изворниот материјал од XIV век во Штипската област евидентиравме осумнаесет населени места. При нивното презентирање во претстојниот труд се поведовме од хронолошкиот принцип односно истите ги претставуваме по редослед онака како што тие се појавуваат во изворите.

Меѓу населените места во Штипската област особено значајно место зазема градот ШТИП[2]. Неговото прво споменување во изворите е во 1308 година во врска со склучениот Договор меѓу српскиот крал Милутин и претендентот на цариградскиот трон Карло Валоа во март во Франција, ратификуван во јули истата година во Србија[3].

Во Договорот, освен за Штип имаме спомен и за неговиот градски домен означен како „confines castri nomine Stip“[4]. Во рамките на овие градски меѓи

---

[1] Сп. Општините во Република Македонија, Скопје 1998, 191-192, 370-373.

[2] За името на градот, сп. О.Иванова, Месните имиња на областа по сливот на Брегалница. Институт за македонски јазик „К.Мисирков“-Скопје. Посебни изданија, книга 13, Скопје 1982, 168-170.

[3] В.Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа за поделба на Византиска Македонија. Текст според изд. на Л.Мавроматис, со превод на македонски јазик од Л.Славева, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том II, Скопје 1977 (понатаму В.Мошин-Л.Славева, Договорот), 438-439; А.Убичин, Уговор о савезу и пријатељству, међу Карлом од Валоа и посланицима српског краља Уроша. Потписан 27 марта 1308 год. у Абатијили код Мелина. Гласник Српског Ученог Друштва, књига X, Београд 1870 (понатаму Уговор), 324-325. Опширно за овие настани во мојата статија Б.Петровски, Прилог кон прашањето за паѓањето на Штип под српска власт во правата деценија на XIV век, ГЗФФ кн. 26 (52), Скопје 1999, 141-149.

[4] В.Мошин-Л.Славева, Договорот, 438-439; А.Убичин, Уговор, 324-325.

штипските граѓани имале свои имоти, изворно документирани во 50-тите и 80-тите години на векот. Имено, во Душановата царска повелба за потврда на дарот на властелинчето Иванко Пробештитовиќ од 28 мај 1350 година се вели дека тој купил имоти од штипските граѓани кои се наоѓале надвор од градот[5]. Ваквата состојба може да се потврди и од Константиновата повелба од 26 март 1388 година за потврда на дарот на војводата Димитар, кој подарените имоти на црквата Вознесение, кои се наоѓале во околината на Штип, ги купил од штипските граѓани[6].

Во градскиот домен влегувало и местото Идиохорија кое се наоѓало во штипското подградие, а се споменува во истата оваа Константинова повелба[7].

Меѓутоа, градскиот домен не се ограничувал само на штипското подградие и блиската околина. Тој бил многу поширок и на исток го вклучувал и селото Вардишта, за кое во заедничката повелба на браќата деспот Јован Драгаш и господин Константин од 1 јуни 1377 за потврда на дарот на челникот Станислав, се вели дека се наоѓало „на градьскомь метохоу"[8].

Следниот спомен на градот Штип во изворите најверојатно потекнува од 1328 година кога всушност наоѓаме сведоштва за неговото влегување во составот на српската средновековна држава. Пишаните податоци се содржани во известувањата на биографот на Стафан Дечански во контекст на српските освојувања по средното Повардарие и Брегалница, при што е наведено дека Штип бил освоен по Велес и Просек, а пред Чрешче и Добрун[9].

Во две Душанови кралски повелби од триесетите години на XIV век за потврда на дарот на високодостојникот Хрељa на Хилендар, постои изворно известување за новоизградена црква во градот, подградие и пазар. Во повелбите се вели дека на црквата Архистратег (Архангел) Михаил, која ја изградил Хреља, ѝ се подаруваат 50 парици од „подьградиꙗ штипьскаго"[10], а во едната од нив уште се наведува дека задолженијата на отроците во подградието се одреде-

---

[5] С.Новаковић, Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912 (понатаму Законски споменици), 305, 306; Actes de Chilandar. Deuxieme partie. Actes Slaves. Publies par Б.Кораблев, Петроградъ 1915 (понатаму Chilandar II), 513-514; А.Соловјев, Одабрани споменици српског права (од XII до краја XV века), Београд 1926 (понатаму Одабрани споменици), 151.

[6] С.Новаковић, Законски споменици, 765-768; Actes de Saint–Pantéléèmôn. Ed. P.Lemerle, G.Dragon, S.Circovic, Paris 1982 (понатаму Actes de Saint-Pantéléèmôn), 180-181.

[7] „поута малога кои греде од Идиохориа", сп. С.Новаковић, Законски споменици, 767. Со текот на времето ова место се споило со градот, прераснувајќи во едно од неговите маала. Имено, во османлиските пописни дефтери од XVI век (1519; 1530/31; 1550; 1570 година), во рамките на христијанските маала се споменува и маалото Единохорија, кое, се чини е идентично со споменатото во крајот на XIV век место Идиохорија, сп. Штип низ вековите. И, Штип 1986 (понатаму (А.Стојановски) Штип низ вековите), 197-202.

[8] С.Новаковић, Законски споменици 453; Chilandar II, 534.

[9] Животи краљева и архиепископа српских, написао Данило и други, издао Ђ.Даничић, Загреб 1866 (понатаму Данило), 197.

[10] Chilandar II, 397, 459; С.Новаковић, Законски споменици, 402, 400.

ни според „ʒаконь подьградию“[11]. Подградието се наоѓало во источното подножје на Штипската тврдина каде денес лежат бројни траги од средновековна населба[12] и видливи сакрални објекти, меѓу кои и посочената црква.

Во подградието се наоѓал и „трьгь щипски“ споменат во двете повелби[13], кој, исто така се наоѓал во источното подножје на Исарот во штипското подградие[14].

Во една византиска царска повелба, најверојатно издадена од царот Андроник III Палелог[15], со која се потврдува дарот на Хреља на Хилендар, исто така наоѓаме спомен за црквата Архистратег Михаил, 50-те стаси на парици во подградието, како и за пазариштето во Штип[16].

На ктиторскиот натпис на високодостојникот Јован Оливер врежан на надвратникот на западниот портал на наосот на Лесновскиот манастир во 1341 година, меѓу даровите кои тој ги подарува на манастирот, се наведуваат црквата Свети Никола поп Сифиева и 20 куќи во градот Штип[17].

Податоци поврзани со Штип се сретнуваат и во три Душанови царски повелби. Во неговата генерална потврдна повелба за имотите на Хилендар од 1348 година се наведуваат црквата Архангел и 50 стаси со луѓе во Штип[18]. Во споменатата повелба од мај 1350 година за потврда на баштината на

[11] С.Новаковић, Законски споменици, 402. Во изданието на оваа иста повелба кај Б.Кораблев (Chilandar II, 459-460) подградието е наречено амборија. Имено, наведените 50 парици се подарени „оу амборьско“.

[12] Заштитното археолошко ископување го потврдило постоењето на средновековна населба под тврдината на источната страна, сп.: И.Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија. Кн. 5, Скопје 1996 (понатаму Средновековни градови), 355; З.Белдедовски, Исар, Штип-средновековна населба. Macedonia Acta Archaeologica, 3, Прилеп 1977 (понатаму Исар, Штип), 196-211, кој пронајдените археолошки остатоци ги датира во периодот XII-XIV век; Истиот, Историски и материјални фрагменти од средновековен Штип. Macedonia Acta Archaeologica, Број 15 (1996-1997), Скопје 1999 (понатаму Фрагменти од Штип), 365.

[13] Chilandar II, 398, 460; С.Новаковић, Законски споменици, 402, 400.

[14] За неговото убицирање релевантни се османлиските пописните дефтери од XVI век (1519; 1530/31; 1550; 1570 (1573) година), според кои во тоа време едно маало во Штип го носело името Трговиште, сп.: Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак, Том V, Книга II, Скопје 1980 (понатаму Турски документи), 121-122; М.Соколоски, Штип и Штипско во текот на XVI век, Историја X/2, Скопје 1974 (понатаму Штип и Штипско во XVI век), 131; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 197-202. Најверојатно, станува збор за маалото Варош во источното подножје на Хисарот, каде би требало да се лоцира средновековниот штипски трг-пазар. Имено, Ѓорче Петров (Материали по изучванието на Македония, София 1896, 654) вели дека градската црква Св. Никола, која се наоѓа во источното подножје на тврдината, влегувала во составот на маалото Варош.

[15] P.Schreiner, La chronique brève de 1352. Texte, traduction et commentaire, Orientalia Christiana Periodica, Fasciculus II, Roma 1965, 344.

[16] „είς τὸ Στύπον μοναστήριον τὸ είς ὄνομα τιμώμενον τοῦτιμίου ἀρχιστρατήγου τῶν ἄνω δυνάμεων Μιχαήλ,... ἐντός τοῦ ἐμπορίου Στύπου στάσεις παριοκικὰς πεντήκοντα, μεθ ὧν ἔχουσι δικαίων, καὶτὰ ἐξ ἀγορασίας περιελθόντα αὐτῷ“, Chilandar I, 275-276.

[17] Й.Ивановъ, Български старини из Македония. Фототипно издание, София 1970, 157; Стари српски записи и натписи. Сакупио их и средио Љ.Стојановић. Фототипска издања: Књ. 4, Београд 1982, 30; Књ. 10, Београд 1986, 7; Г.Томовић, Морфологија ћириличких натписа на Балкану, Београд 1974, 56-58.

[18] Chilandar II, 496; С.Новаковић, Законски споменици, 422.

властелинчето Иванко Пробештитовиќ, Душан му ја потврдува и земјата што ја купил во градот Штип, на која ја изградил црквата Свети Јован Крстител[19]. Во Душановата повелба од јуни 1355 година постои известување за штипскиот кефалија Давид Михојевиќ[20].

Спомен за градот Штип и имоти во него, како и за новоизградени сакрални објекти и градски чиновници наоѓаме во две заеднички повелби на браќата деспот Јован Драгаш и господин Константин, како и во уште две Константинови самостојни повелби.

Во повелбата на браќата од 1372 до 1375 година меѓу имотите приложени на светогорскиот манастир Пантелејмон во Штип се споменуваат шест луѓе со нивните стаси и црквата Свети Архангел Главатов заедно со нејзиниот метох[21].

Во споменуваната заедничка повелба на браќата од јуни 1377 година, со која се потврдуваат имотите кои штипскиот челник Станислав ги дарува на Хилендар, се наведува и црквата Свети Власиј која Станислав ја изградил на својата баштина во градот Штип[22].

Во Константиновата повелба од 15 август 1381 година, во која тој му го потврдува на Хилендар Лесновскиот манастир со неговиот имот, меѓу поседите на манастирот се вброени и црквата Свети Никола поп Сифиева, една воденица и 20 куќи во Штип[23].

Последен изворен спомен за Штип во XIV век е споменатата Константинова повелба од 1388 година која е издадена во градот на 26 март. Во неа Константин ги потврдува добрата кои војводата Димитар ги отстапил на црквата Вознесение, која тој самиот ја изградил во Штип. Меѓу сведоците се наведени кнезот Којо и синот на штипскиот челник Станислав[24].

ЧРЕШЧЕ. Единствениот спомен за градот-тврдина Чрешче во XIV век е од 1328 година. Пишаното сведоштво кое се наоѓа во споменатото известување на продолжувачот на Данило за српските освојувања по средното Повардарие и Брегалница, при што „градь Үрѣшьче“ било освоено по Велес, Просек и Штип, а пред Добрун[25].

Чрешче се наоѓало на околу два километра југозападно од денешното растурено село Црешка, во крајниот западен дел на Штипската област, на левиот брег на реката Брегалница која врти во голем лак околу него и го опфаќа од три страни.

---

[19] Chilandar II, 513; С.Новаковић, Законски споменици, 305, 306; А.Соловјев, Одабрани споменици, 151; Л.Славева-В.Мошин, Српски грамоти од Душаново време, Прилеп 1988 (понатаму Српски грамоти), 139-140.

[20] Chilandar II, 519; С.Новаковић, Законски споменици, 428.

[21] Actes de Саинт-Пантéлéэмóн, 169-172.

[22] Chilandar II, 533-534; С.Новаковић, Законски споменици, 452-453.

[23] Chilandar II, 543. Според изданието на повелбата кај С.Новаковиќ (Законски споменици, 455) црквата е именувана „попь-Стерикьва“.

[24] С.Новаковић, Законски споменици, 765-768; Actes de Saint-Pantéléèmôn, 180-181.

[25] Данило, 197.

Што се случувало со Чрешче во текот на третираното столетие не е познато. Споменот на градот-тврдина останал да живее во името на селото Црешка[26], кое во наше време запустело[27].

БРѢСТЬ. Првите известувања за селото Брест се содржани во споменуваните две Душанови кралски повелби со кои се потврдуваат имотите кои Хреља ги подарува на Хилендар. Во нив Брест е наведен пред сите останати места подарени во Лакавичката Долина, имено пред Сухогрло, Лесковица, Видче, Дренок и Бресток преку Лакавица. Во едната грамота Брест е означено како „селище Брѣсть“ кое, заедно со сите останати, било „ꙁапоустѣвша ѡть вѣка“[28]. Повелбата всушност го регистрира претходниот статус кога наведениве биле запустени селишта, кои, со населување требало да станат села[29].

Навистина, во другата повелба, со датација 1336 година, Брест, заедно со споменатите места, веќе се наведува како село со свој атар и правини „И оу Лоукавици село Брѣсть... и таꙁи села вса выше писанна сь всѣми правинами и синори тѣхь сельь“[30].

Во споменуваната византиска царска потврдна повелба за дарот на Хреља на Хилендар постои безмалку иста формулација, при што, во Лакавица се подарува „τὸ χωρίον τὸ Μπράστον, μετὰ τῆς νομῆς καὶ περιοχῆς αὐτοῦ καὶ ὧν ἔχει δικαίων“[31]. Тоа, воедно е и последниот спомен за селото во XIV-от век.

Еволуцијата на Брест од селиште во село, со свој атар и правини е очигледна и трајна. Имено, селото Брест е идентично со денешното истоимено село[32] кое се наоѓа од десната страна на реката Лакавица, во крајниот јужен дел на Штипската област.

---

[26] И.Снегаров (История на Охридската архиепископия. Том 1. От основаването ѝ до завладяването на Балканския полуостров от Турците. Второ фототипно издание, София 1995, 156) сосема погрешно го убицира Чрешче истакнувајќи дека се наоѓа „малко на югъ отъ Кичево, въ Демиръ Хисаръ“.

[27] Ј.Трифуновски-В.Нетков, Раселени села во долниот слив на Брегалница. Зборник на Штипскиот народен музеј, III (1962-1963), Штип 1964, 64 истакнуваат дека населбата Црешка во континуитет егзистирала од средновековието па сè до 1960 година.

[28] С.Новаковић, Законски споменици, 403; Chilandar II, 398.

[29] Р.Михаљчић, Селишта. Прилог историји насеља у средњовековној српској држави. Зборник Филозофског факултета, Књига IX-1. Споменица Милана Будимира, Београд 1967, 179, кој, во оваа своја студија (173-218) опширно расправа за значењето на селиштата, нивното настанување и нивниот статус во однос на селата.

[30] С.Новаковић, Законски споменици, 399-400; Меѓутоа, кај Кораблев (Chilandar II, 459-460) текстот на повелбата, во овие делови, е поразличен од оној кај С.Новаковиќ. Имено, селата во долината на реката Лакавица се опишани поинаку: „село брѣсть сь всѣми мегами и правинами села того. село соухогрь сь всѣми мегами и правинами. село лѣсковица. село Видче и сь ꙁасельком сь всѣми мегами и правинами“.

[31] Chilandar I, 275-276. Истата, најверојатно е настаната во периодот 1336-1341 година.

[32] Истото го регистрира и М.Пурковиќ, (Попис села у средњевековној Србији. Годишњак Скопског Филозофског факултета, IV/2 (1939-1940), Скопље 1940 (понатаму Попис села), 67 и бел. 14), кој, нејасно зошто упатува „Бресток-види Брест“ со што ги поистоветил овие две и заклучил дека имало две вакви села Горен и Долен Брест. Селото Брест(ин) е забележано и во османлиските пописни дефтери од XVI век, сп.: Турски документи, 104-105, реден број 25; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 221, каде, во Табеларниот праглед за извршените пописи од 1519, 1550 и 1570 година, е дадено под реден број 12; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 144, каде во Табеларниот преглед од пописот во 1573 е дадено под реден број 12.

СОУХОГРЬЛЬ. Развојниот пат на „Соүхогрьль", кое од селиште само за неколку години прераснало во село, со свој атар и правини, е идентичен како и оној на селото Брест. Тоа станува очигледно доколку се споредат посочените две Душанови кралски повелби каде Сухогрл е наведено веднаш зад Брест.

Во византиската царска потврдна повелба и покрај оштетеноста на истата во делот каде се очекува наведување на селото Сухогрл, имено стои „τὸ χωρίον ..χο.ί... μετὰ τῆς νομῆς καὶ περιοχῆς αὐτοῦ", се чини, може да се насети дека станува збор за истото, не само поради остатоците од буквите во изредираниот дел, туку и заради редоследот на наведување на селото кој е идентичен со оној во Душановите две кралски повелби. Иако во оваа повелба се сретнува последниот спомен за селото во XIV век, тоа продолжило да опстојува во текот на целото столеитие, но и потоа[33].

Селото Сухогрл со текот на времето претрпело незначителни измени во своето име и во денешни дни го носи името Суво Грло односно, без сомнение, идентично е со споменатово село кое се наоѓа од левата страна на реката Лакавица, во непосредна близина на селото Лесковица[34].

ЛѣСКОВИЦА. Сосема идентичен е случајот и со Лесковица. Во двете Душанови кралски повелби „Лѣсковица" се споменува по Брест и Сухогрл, исто како и во византиската царска повелба каде е наведено како „τὸ χωρίον τὸ Λεασκόβιτζον μετὰ τῆς νομῆς καὶ περιοχῆς αὐτοῦ καὶ τῶν δικαίων", што всушност претставува и последно изворно сведоштво за селото во XIV-от век.

Селото Лесковица еволуирајќи од селиште во село, со атар и правини, ја продолжило својата егзистенција низ целиот XIV век, сè до денешни дни[35]. Имено, истото е истоветно со денешното истоимено село кое се наоѓа од левата страна на реката Лакавица, југозападно од селото Суво Грло.

ВИТЬЧЕ. „Витьчє" во едната Душанова кралска повелба е наведено како селиште[36], а во другата веќе како село со свој атар и правини, исто како и во византиската царска грамота, каде стои „τὸ χωρίον τὸ Βίτζιν μετὰ τοῦ σὺν αὐτῷ ἀγριδίου, καὶ τῆς νομῆς καὶ περιοχῆς αὐτῶν", по што отсуствува секаков спомен за него.

Топонимот Витче не може поблиску да се убицира. Најверојатно, наоѓајќи се во долината на реката Лакавица, а во сите три повелби наведено по Лесковица, а пред Брестоκ-за кое подолу во текстот претпоставуваме дека исто така се наоѓало во составот на Штипската област-истото влегувало во Обласата.

[33] Во пописните дефтери од XVI век наоѓаме спомен за селото, сп.: Турски документи, 257-258, реден број 148, со втор назив Слатина; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 226, реден број 117, со истоветен втор назив; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 149, реден број 116, со идентичен втор назив.

[34] М.Пурковиќ (Попис села, 146) го регистрира како такво.

[35] Селото го регистрира и М.Пурковиќ, (Попис села, 110). Истото се споменува и во пописните дефтери од XVI век, сп.: Турски документи, 268-269, реден број 159; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 223, каде, во Табеларниот праглед за извршените пописи од 1519, 1550 и 1570 година е дадено под реден број 64; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 147, каде во Табеларниот преглед од пописот во 1573 е дадено под реден број 65.

[36] Како такво го забележал и М.Пурковић, Попис села, 72.

ДРѣНОКЬ. Дренок не може да се идентификува и да се лоцира. Единствен спомен за него е во едната Душанова кралска повелба каде „Дрѣнокь“ е означено како запуштено селиште од пред многу време[37].

Обидот да се реанимира, најверојатно не успеал и веќе во втората Душанова повелба отсуствува спомен за него. Сепак, поради наведувањето на ова селиште во континуитет со останатите во Лакавичката Долина и тоа, пред Бресток, за кое сметаме дека се наоѓало во најјужниот дел на Штипската област, возможно е истото да влегувало во составот на Областа[38].

БРѣСТОКЬ. Бресток во едната Душанова кралска повелба е наведено како селиште „Брѣстокь прѣзь Лоукавицоу“, а во другата веќе како село со свој атар и правини, означено како втор односно „дроуги Брѣсть прѣзь Лоукавицоу“, од каде може да се согледа дека се наоѓало на спротивната страна од реката Лакавица, гледано од селото Брест. Во византиската царска повелба е наведено како „πέραν τοῦ ἐκεῖσε ποταμοῦ, τερ ον ἀγρίδιον τὸ Μπροάστοτζιν“-запуштено земјиште[39] од другата страна на реката со име Бресток(ц).

Поблиска идентификација и локација на овој топоним не е можна. Но, фактот што во втората Душанова кралска и византиската царска грамота Бресток се наведува по Витче, а пред селото „Калоугерица“, кое се наоѓало во близина на денешното село Калуѓерица, јужно-југоисточно од Радовиш[40], нè наведува на претпоставка дека истото се наоѓало во составот на Штипската област. Кон тоа би можеле да ги придодадеме и сведоштвата од трите повелби (двете Душанови кралски и византиската царска) каде е наведено дека се наоѓа преку реката Лакавица и уште податокот дека во првата Душанова кралска и византиската царска повелба носи деминутивна ознака на селото Брест[41], а во втората Душанова кралска повелба е наведено како втор Брест. Дотолку повеќе што, селото наоѓајќи се од левата страна на реката, не многу далеку од Брест, како што посочува Р.Михаљчиќ, најверојатно, се формирало со колонизација на население токму од селото Брест[42].

КРОУПИШТИХЬ. Топонимот се сретнува единствено во Душанови царски повелби, секогаш споменат во плурална форма (Кроупиштіихь, Кроупиштихь, Кроупиштехь)[43] и поврзан со државниот собор од 1355 година.

Се чини, возможна е негова убикација во Штипската област. Во две Душанови царски повелби од 1355 година се вели дека се издадени по одржаниот државен „сьборь на Кроупиштіихь... на ОвЧи Поли“[44]. За одредувањето на негова-

[37] Истото го забележува и М.Пурковић, Попис села, 90. Б.Кораблев (Chilandar II, 460) не го споменува.

[38] Р.Михаљчић, Селишта, 211, 212.

[39] Р.Михаљчиќ (Селишта, 217) ова го расчитува како „нива Брестовица“.

[40] Според А.Стојановски (Штип низ вековите, бел. 89 на стр. 229) не е сосема сигурно дали Горна или Долна Калуѓерица треба да се поистоветат со денешното село Калуѓерица.

[41] „селище Брѣстокь“, сп.: С.Новаковић, Законски споменици, 403; Chilandar II, 398. Но, во Душанова кралска повелба во иданието презентирано од Б.Кораблев (Chilandar II, 460) се споменува како „село брѣстовица“. Слично и во византиската царска повелба (Chilandar I, 276) каде е наведено како „Μπροάστοτζιν“. М.Пурковиќ, (Попис села, 68) го регистрира како такво.

[42] Р.Михаљчић, Селишта, 216-217.

[43] С.Новаковић, Законски споменици, 429, 433, 718.

[44] Едната Душанова повелба е издадена на втори мај, секако 1355 година и претставува

та точна локацијата значајни податоци се содржани во една друга претходно издадена Душанова повелба со датација 12 јуни 1349 година, каде меѓу подарените имоти на светогорскиот манастир Св. Пантелејмон е наброен и метохот „Оулиарие конь Кроупиштъ и съ оулиганикомь“[45]. Улиари насомнено е денешното село Уларци кое се наоѓа на левиот брег на Злетовска Река, а бидејќи во повелбата е поблиску локализирано „конь Кроупиштъ“ очигледно топонимот Крупишт се наоѓал во негова непосредна близина. Денес село со име Крупиште се наоѓа наспроти посоченото Уларци, од десниот брег на Злетовска Река[46].

КАРБИНЦИ. Во посочените две Душанови кралски повелби се сретнува првиот спомен и за селото Карбинци.

Во едната повелба всушност се насетува името на селото Карбинци, директно поврзувајќи се со името на локалниот високодостојник Карба. Во грамотата, имено, меѓу другото, се вели дека Хреља на Хилендар му ја подарува црквата Света Петка на Брегалница, која ја изградил Карба и ја опремил со имоти, кои ги имал добиено по српското освојување на Областа, по што, на дел од нив ја изградил црквата, кон која, доколку сакаат, можеле да пристапат луѓето зависни од Карба, но и сите слободни селани[47].

Очигледно, ваквата отворена понуда била прифатена од локалното население резултирајќи со зачнување на ново населено место олицетворено преку формирање на селце со атар, кое го добило името според својот протеже. Имено, во другата Душанова кралска повелба меѓу подарените Хрељини имоти се наведува „и ʒаселкь Карбинць сь всѣмь синоромь“[48].

Селцето во наредните децении продолжило да се зголемува и развива прераснувајќи во село не само со свој атар, но и со свои правини споменато во Општата Хилендарска повелба од 1348 година како „на Брегалници село Карбинци сь правинами си“[49].

Територијалниот опсег на селото може да се согледа од Душановата повелба од јуни 1355 година, каде воедно се наоѓа последното известие за Карбинци во XIV век, означен како „ʒемлıа карбиньчка“. Всушност, во речениот временски период оваа територија незаконски ја имале узурпирано штипските

---

потврда на разни права и привилегии на Хилендарскиот манастир, а другата е издадена на седумнаесетти мај, секако истата 1355 година и претставува потврда на метохот Св. Петар Коришки на Хилендар (сп. С.Новаковиќ, Законски споменици, 429-432, 433-434; Chilandar II, 516-518; Л.Славева-В.Мошин, Српски грамоти, 82-87, 198-200). М.Пурковиќ (Попис села, 107) вели дека во Крупишта во 1355 година Душан држел собор. Нејасно е зошто К.Јиречек (Историја Срба: Прва књига до 1537 године (политичка историја), Београд 1952, 261; Друга свеска (до 1537), Београд, 1923, 9) вели дека Крупишта се наоѓа кај Костур.

[45] С.Новаковић, Законски споменици, 507.

[46] М.Пурковић, Попис села, 107. Сп. и И.Микулчиќ, Средновековни градови, 348, кој претпоставува дека црквата Свети Никола, која се наоѓа на источната страна на селото Крупиште, потекнува од XIV век. Селото се споменува и во пописните дефтери од XVI век, сп.: Турски документи, 129-131, реден број 34; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 223, реден број 57; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 146, реден број 60.

[47] Chilandar II, 399; С.Новаковић, Законски споменици, 404.

[48] С.Новаковић, Законски споменици, 400; Делот каде кај С.Новаковиќ стои 50 куќи и заселок Карбинци со синорот, кај Б.Кораблев (Chilandar II, 459-460) не постои, а е заменет со „оу амборьско стась паричькихь ·н· сь всѣми правинами и коуплienицами, сь нивькмь и виногради и воденицами“.

[49] С.Новаковић, Законски споменици, 422; Chilandar II, 496.

стражари-бьци, по што, на барање на правните сопственици на имотот, Хилендарците, а по наложување на царот Душан, штипскиот кефалија Давид Михојевиќ бил принуден да излезе на теренот интервенирајќи лично во разрешување на спорот во корист на Хилендар. Притоа, тој го омеѓил реонот на селото Карбинци од каде дознаваме дека истиот ги опфаќал следниве територии: во јужниот полукруг биле опфатени местата кои се наоѓале на потегот од селото Тарахинци (денешно Таринци) до Радањската и Козјачката меѓа; во северниот полукруг влегувале местата кои се наоѓале во реонот од локалитетот Црковци, каде се наоѓала црквата Света Петка (одь црькві древені)[50] преку Мирашевиот премин на Брегалница и потоа по неа сè до вливот на Козјачка Река во Брегалница, а оттука, по течението на Козјачка Река сè до Козјачката меѓа каде се спојувал со јужниот полукруг[51].

Селото под истото име постои и денес во североисточниот дел на Штипската област, југозападно од Крупиште, распослано на левиот брег на Брегалница, кај устието на Козјачка Река во Брегалница[52].

ТАРАХИНЦЬ, ТАГАХНИНЦИ. Во последно спомената повелба се сретнува првиот спомен на топонимот Таринци во XIV век. Истиот е означен како „Тарахинць" и нејасно е дали се работи за село, селиште или пак, само топоним. Дотолку повеќе што две децении подоцна, во повелба издадена на 1 јуни 1377 година од браќата деспот Јован Драгаш и господин Константин, со која тие ги потврдуваат добрата на Хилендар, подарени од штипскиот челник Станислав, меѓу имотите се споменува „селиште Тагахнинци иже кєсть испросиль чельникь Станиславь"[53]. Веќе во овој период Таринци се споменува како запуштено населено место кое челникот Станислав имал намера да го насели со интенција истото да прерасне во село[54]. Се чини, овој обид бил сосема успешен. Имено, иако во изворите од XIV век е засведочено со имињата Тарахинц, Тагахнинци и Тагахинци, несомнено, се работи за денешното село Таринци кое се наоѓа во североисточниот дел на Штипската област, јужно од Карбинци.

---

[50] З.РасолкоскаНиколовска, Убикација на Света Петка на Брегалница според повелбата на цар Душан од 1355 година. Историја IX/2, Скопје 1973 , 253. Село Черковци, кое може да се прочита и како Церковци и Црковци се споменува во пописните дефтери од XVI век, сп.: (А.Стојановски) Штип низ вековите, 227, реден број 132; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 150, реден број 135.

[51] Chilandar II, 519. Сп. и А.Соловјев, Бьци у Душановој повељи г. 1355. Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор. Књига VI, Свеска 1, Београд 1926, 190.

[52] Селото, онака како што е засведочено во изворите, го забележал и М.Пурковиќ, (Попис села, 101) поистоветувајќи го со денешното истоимено село „кај Штип". Истото се споменува и во пописните дефтери од XVI век, сп.: Турски документи, 191-192, реден број 89; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 223, реден број 47; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 146, реден број 48.

[53] Chilandar II, 534. Но, кај С.Новаковиќ (Законски споменици, 453) овој пасос е наведен како „Тагахинци иже кєсть истрошиль чельникь Станиславь". Сп.Т.Томоски, Македонија низ вековите-градови, тврдини, комуникации, Скопје 1999 (понатаму Македонија низ вековите), 214 бел. 86.

[54] М.Пурковиќ (Попис села, 146) го регистрира како селиште. Селото се споменува и во пописните дефтери од XVI век под името Тарахинци, сп.: Турски документи, 207-208, реден број 103, со втор назив Горно Гуново; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 226, реден број 118, со втор назив Благуново; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 149, реден број 121, со идентичен втор назив.

РАДАНСКА МЕЃА. Во посочената Душанова повелба од јуни 1355 година се наоѓа единствениот спомен за Радања под претекст „радански мегга". Таа, според информациите од грамотата, се наоѓала меѓу Таринци и Козјачката меѓа. Невозможно е да се утврди дали под овој топоним се крие само именуваната меѓа или пак, истиот се однесувал на меѓата на населеното место Радања. Сепак, нејзината убикација е возможна бидејќи денес токму на засведоченото место се наоѓа селото Радања[55]. Истото е распространо во вдлабнатина во подножјето на еден рид наречен од локалните мештани Чуј Петел, југоисточно од Таринци.

КОЗИЈАК. Истата грамота дава првични информации и за Козјак. Во неа има спомен за еден топоним „козиачка мегга" и еден хидроним „козиачица" односно „река козиачка". Според податоците од повелбата Козјачката меѓа се наоѓала меѓу Радањската меѓа и Козјачката Река-Козјачица. Меѓутоа, исто како и во случајот со Радања не е возможно со сигурност да се утврди дали под топонимот Козјачка меѓа се крие само именуваната меѓа или пак, истиот се однесувал на меѓата на населеното место Козјак. Возможноста дека втората претпоставка е поблиску до вистината се насира во Константиновата повелба од 1379 година за потврда на добрата на Хилендар, каде меѓу подарените имоти од војводата Димитар се наведува и „село Козиак сь метохомь и сь всѣми меггами и правинами, и сь виноградомь, и сь млини и сь вокиемь"[56]. Очигледно, кон крајот на седумдесетите години на векот селото Козјак било значително развиено и прилично раширено, вклучувајќи во својот атар метох, меѓи и правини, лозја, воденици и овоштарници. Убицирањето на топонимот, а потоа село Козјак и хидронимот Козјачка Река односно Козјачица е сосема изводливо и реално. Денес во Штипската област, југоисточно од Карбинци, постои река и село со истото име[57].

ВАРДИШТА. Во повелбата издадена од Дејановите синови со датација 1 јуни 1377 година, освен горепосочениот податок за спомен на селиштето Тагахнинци-денешно Таринци, во имотите кои штипскиот челник Станислав подарува на Хилендар се наведени и „село Вардишта, на градскомь метохоу".

Кога настанало селото Вардишта не е познато, но кон крајот на седумдесетите години на векот веќе постоело како такво и се наоѓало во доменот на

---

[55] Селото се споменува и во пописните дефтери од XVI век под името Тарахинци, сп.: Турски документи, 231-233, реден број 121; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 225, реден број 99; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 148, реден број 99.

[56] Chilandar II, 538. Сп. и М.Пурковић, Попис села, 103. С.Новаковиќ (Законски споменици, 456), повелбата ја датира со 1389 година (иако во грамотата стои дека е издадена „вь лѣто ѕωпз"), а во забелешката под текстот (Законски споменици, 457 бел. 1) вели дека местото и потписот во неа се дополнети во поново време и оттука несигурни.

[57] Селото е засведочено и во пописните дефтери од XVI век, сп.: Турски документи, 225-227, реден број 121; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 223, реден број 51; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 146, реден број 52.

[58] М.Пурковиќ (Попис села, 63, 71) го регистрира истото.

[59] Според Т.Томоски (Македонија низ вековите, 210 бел.65, 392) денес во атарот на село Радања постојат месности Мало и Големо Вардиште. Пописните дефтери од XVI век не го регистрираат селото.

градот Штип.

Информациите содржани во оваа повелба воедно претставуваат единствен спомен за него во XIV-от век[58] . Селото денес не постои, но, се чини, споменот за него е зачуван во топонимијата.

Имено, според истражувањата на теренот забележавме месности Горно и Долно Вардишта кои се наоѓаат јужно од селото Радања[59] . Најверојатно, во XIV-от век селото Вардишта со својот атар постоело токму во овие реони.

БЛАГжВИ. Во истата повелба, освен селата Таринци и Вардишта, меѓу имотите кои штипскиот челник Станислав ги подарува на Хилендар се наведува уште „и село Блаѓви што си ѥсть населиль на своѥи коупленици“. Известувањата од оваа грамота посочуваат дека патрон на селото Благви бил штипскиот челник Станислав, кој истото го формирал со населување на земјата што ја купил.

Информаціiте содржани во оваа повелба се единствен спомен за ова село во XIV-от век[60] . Истото денес не постои, но споменот за него е зачуван во топоними и хидроними на теренот.

Есенцијални изворни податоци за убикација на селото Благви се содржат во османлискиот пописен дефтер од 1573 година каде селото Тагахинци е забележано со втор назив Благуново[61] . Оттука, сосема е веројатно дека селото Благви се наоѓало во непосредна близина на Таринци.

Денес, неколку километри јужно од селото Таринци постои локалитет Благово, а реката која тече меѓу селата Таринци и Караорман го носи името Благова Река[62] . Без сомнение, истите сведочат за постоење на селото Благви во тој реон споменато во XIV-от век.

РУРАК. Со споменатата Константинова повелба од 1379 година, освен селото Козјак, се подарува „и село Роурак, и сь вс҄ѣми правинами села тога“. Тоа е единствениот спомен за него во XIV век[63]. Селото се наоѓа во составот на Штипската област, а неговата идентификацијата и локализацијата е сосема возможна. Имено, споменатото село Рурак всушност е денешното село Руљак кое лежи на исток-југоисток од Козјак односно Карбинци[64].

КРИВИ ДОЛ. Единственото споменување на селото Криви Дол во XIV век се содржи во истата Константинова повелба каде, меѓу подарените имоти од војводата Димитар на Хилендар, освен селата Козјак и Рурак, се наведува уште „и село Криви Доль, и сь вс҄ѣми правинами села тогаи“.

---

[60] М.Пурковиќ (Попис села, 63, 71) го регистрира истото.

[61] (А.Стојановски) Штип низ вековите, 226, реден број 118; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 149, реден број 121.

[62] Според Т.Томоски (Македонија низ вековите, 214 бел. 85, 392) името Благово денес се употребува како назив за месност и суводолица меѓу Радања и Штип; А.Стојановски (Штип низ вековите, бел. 103 на стр. 231) го забележал локалитетот Благово, јужно од денешното село Таринци.

[63] Истото го забележал и М.Пурковић, Попис села, 106, 137.

[64] Пописните дефтери од XVI век го забележуваат постоењето на селото, сп.: Турски документи, 143-144, реден број 45; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 225, реден број 101; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 148, реден број 100.

Името Криви Дол денес го носи селото кое се наоѓа на север-северозапад од Штип, на магистралниот пат Штип-Велес. Но, тоа не е идентично со споменатото во XIV век истоимено село. Последново, всушност, денес е наречено Стар Криви Дол и се наоѓа на околу два километри јужно од денешното село Криви Дол, на една рамнина од сите страни обиколена со ридови. На теренот, во подножјето на ридот т.н. Орлова Карпа, сосема јасно се видливи остатоци од темели и ѕидови на стари куќи, а во централниот дел на рамнината, на едно благо возвишение, се наоѓаат остатоци од гробови и црква. Според кажувањето на локалните селани пред повеќе од сто години ова село е преселено на местото каде што денес се наоѓа Криви Дол[65] .

КАЛАПЕТРОВЦИ. Константиновата грамота од 15 август 1381 година му го потврдува на Хилендар Лесновскиот манастир со неговиот имот, во кој, покрај останатите, се вбројува „и село Калопетровци сь мегами и сь правинами села того“[66]. Овој осамен податок за селото во XIV век не ни́ дава возможност да откриеме кога е формирано истото. Калопетровци се наоѓало североисточно од денешното село Калапетровци и денес тој локалитет е наречен Старо Калапетровци[67]. Истото е распослано на југозападните падини на Плачковица, во југоисточниот дел на Штипската област.

Во Штипската област од изворно регистрираните осумнаесет населени места во XIV век својот живот до денешни дни го продолжиле поголемиот дел од нив: градот Штип; селата Брест, Лесковица, Суво Грло, Крупиште, Карбинци, Таринци, Радања, Козјак и Руљак. Две населби (Криви Дол и Калапетровци) се дислоцирале, а шест (Чрешче, Витче, Бресток, Дренок, Вардишта и Благви) со текот на времето исчезнале.

---

[65] Селото се споменува во пописните дефтери од XVI век сп.: Турски документи, 194-195, реден број 93; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 223, реден број 55; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 146, реден број 59.

[66] С.Новаковић, Законски споменици, 455; Chilandar II, 543.

[67] (А.Стојановски) Штип низ вековите, 212 и бел 107 на стр. 232. М.Пурковиќ (Попис села, 100) погрешно истакнал дека е идентично со денешното село Калапетровци. Селото Калопетровци се споменува и во пописните дефтери од XVI век, сп.: Турски документи, 176-177, реден број 74; (А.Стојановски) Штип низ вековите, 222, реден број 43; М.Соколоски, Штип и Штипско во XVI век, 146, реден број 45.